ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-160/8**

**Дата: 19.11.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА КАРПОШ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Карпош за 2011 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година, во кој, за оваа сметка на Општината е издадено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи. Утврдено е дека повеќето препораки се спроведени, освен препораката што се однесува на вршењето на пописот на постојаните средства и обврските, каде што сеуште не се спроведуваат во целост законските одредби кои го пропишуваат начинот на вршење на пописот. Дел од препораките не се целосно спроведени и се во тек на спроведување (утврдување и евидентирање на имотот добиен со делбениот биланс со Република Македонија).

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Во Општина Карпош е воспоставен систем на интерни контроли во процесот на плаќање, како систем на финансиски и други контроли, што го намалува ризикот од незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства, меѓутоа, дел од утврдените неправилности во текот на ревизијата укажуваат дека донесените пишани процедури треба да се дополнат и надоградат.

Во текот на 2011 година обврските на Општина Карпош кон добавувачите се зголемени за близу четири пати (индекс 372), што претставува повеќе од половина од реализираниот буџет во оваа година и е резултат на значителната инвестициона активност. За вложувањата во капитални објекти во 2011 година се платени 45% од вкупните расходи.  Материјалните средства во подготовка се двојно зголемени во однос на крајот на претходната година.

Извршена е проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 2000 година, додека за останатиот дел од недвижниот имот постапките за упис во Агенцијата за катастар на недвижности се во тек.

Карактеристично за работењето во 2011 година е значителното ангажирање на привремено вработени лица во општинската администрација и за одржување на јавната чистота на територијата на Општината. За нив Општината платила 8% од вкупните расходи, или 19% повеќе во споредба со претходната година. Имајќи предвид дека вработувањето на лицата преку Агенциите за привремени вработувања се врши без спроведување постапка за ангажирање лица и остава простор за субјективно одлучување при вработувањето, ревизијата дава препорака согласно потребите и можностите на општината, градоначалникот  да изврши редовно вработување на потребен број на лица согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Карпош, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Карпош за 2008 година. Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Карпош под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Стевчо Јакимовски - градоначалник на Општина Карпош во 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Карпош се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2.Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:
- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 25.06 до 27.07.2012 кај Општина Карпош од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година.

Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29 -160/4 од 09.10.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли во процесите**

4.1.1. Заради обезбедување и унапредување на квалитетот на системот на јавна внатрешна финансиска контрола, како и на севкупното работење на општинската

администрација, извршена е сертификација со ИСО стандардите на процесите кои се во надлежност и се вршат во Општина Карпош. Донесени се пишани процедури кои ги покриваат сите сфери од работењето на Општината.
При оценка на функционирањето на воспоставените интерни контроли ревизијата констатира дека пишаните процедури, главно, се применуваат и функционираат, меѓутоа, во одредени сегменти во финансиското работење се присутни пропусти, на што укажуваат утврдените слабости во текот на ревизијата. Ова делумно е резултат на фактот што одредени процеси не се целосно регулирани во процедурите.

**Препорака:**
Секторот за финансирање да изврши дополнување на донесените процедури за процесите кои не се целосно покриени и да обезбеди нивна целосна и доследна примена.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Пописот на средствата и обврските во Општина Карпош не е во целост извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници:

- извршен е физички попис на градежните објекти и опремата (по канцеларии) за што се изготвени пописни листи во кои е внесена нивната набавна вредност. Не е изготвена рекапитулација на пописните листи поради што нема податок за вкупно утврдената фактичка вредност на постојаните средства со пописот и нејзино усогласување со сметководствената евиденција заради утврдување на кусоци и вишоци;
- не е извршен попис на урбаната опрема (летниковец, клупи и канти) која не е евидентирана во сметководствената евиденција;
- извршен е физички попис на сликите во сопственост на Општината, меѓутоа, сликите не се евидентирани во материјалната и сметководствената евиденција.

Неизвршеното усогласување на утврдената фактична вредност на постојаните средства со пописот со состојбата во сметководството како и неевидентирањето на одделни средства создава ризик од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата.

**Препорака:**

- пописната комисија, по завршувањето на физичкиот попис на постојаните средства да изврши усогласување на нивната фактичка со

сметководствена вредност заради утврдување на евентуални разлики меѓу состојбата утврдена со пописот и сметководствената вредност;
- во сметководствената евиденција да се воведе урбаната опрема, да се поставаат инвентарни броеви и да се врши нејзин попис;
- сликите во сопственост на Општината да се проценат и да се евидентираат во сметководствената евиденција.

4.2.2. Согласно Законот за буџетите, во рамките на буџетот на општината се планираат средства за непредвидени случаи како постојана и тековна буџетска резерва. Средства за постојана резерва не се планирани во буџетот на Општината.
Средствата од тековна резерва се наменети за покривање на непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства не се доволни.
Исплатените средства во текот на 2011 година во износ од 720 илјади денари средства од резервите не се во согласност со намените и основите утврдени во законската регулатива. Овие средства се исплаќани за спонзорства за учество на ликовен симпозиум, филмска проекција, спортски натпревари, студии, за купување на уметничко дело. Средствата се доделувани по доставени поединечни барања, без утврдени услови и критериуми за нивно доделување. Дел од средствата исплатени се по барања и одлуки од 2010 година кои како потреба или непредвидени случаи не произлегуваат од тековната буџетска година, што не е во согласност со член 11 од Законот за буџетите и претставува незаконско користење на средствата на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот и Советот на општина Карпош да одобруваат исплата на средства од буџетската резерва во рамки на законски утврдените основи.

4.2.3. Во текот на 2011 година за вршење на административни работи и за одржување на јавна чистота на територијата на Општината, со статус на привремени вработувања ангажирани се лица чиј број во текот на годината по месеци е различен ( за административни работи од 55 до 95, а за јавна чистота од 67 до 96 лица). За нив Општината платила 31.299 илјади денари, што претставува 8% од вкупните расходи, или 19% повеќе во споредба со предходната година. Бројот на привремено ангажираните лица е значителен, што се потврдува со фактот дека масата на исплатени плати на овие вработени претставува 58% од масата на редовно вработените лица во Општината ( 48% во 2010 година). Зголемениот број на привремено вработените лица во администарцијата според објаснувањата од

надлежните во субјектот се должи на зголемените обврски кои произлегуваат од Законот за постапување со бесправно изградените објекти.
Во делот на јавната чистота, поради неможноста ЈП Комунална хигиена да обезбеди чистење на јавните површини на територијата на Општината. Општината ја презема оваа обврска која ја врши повеќе години наназад и станува нејзина редовна дејност и програмска активност. Советот на општина Карпош има донесено Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Карпош за 2011 година - подпрограма за јавна чистота.
На ревизијата не и беа презентирани докази од кои ќе се увери дека ангажирањето на овие лица во сите случаи е согласно одредбите од член 4, односно отстапувањето на работници е во случај на замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот и непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот. Ангажирањето на овие лица не е подолго од една година на исти работни задачи што е согласно член 4 став 3 од Законот за агенциите за привремени вработувања.
За овие вработени не се однесува Законот за државни службеници и Законот за работни односи кои обезбедуваат еднаквост, јавност и транспарентност при вработувањето преку пропишани постапки. Вработувањето на лицата преку Агенциите за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција.

**Препорака:**

- При ангажирање на вработени преку Агенција за привремено вработување да се воспостави процедура со која ќе се обезбедат докази дека се исполнети одредбите од Законот за Агенциите за привремени вработувања.
- Користејќи ги одредбите од Законот за комунални дејности, Општина Карпош трајно да го реши прашањето на одржување на јавната чистота.

4.2.4. Општина Карпош во текот на фискалната година врши финансирање на проекти од областа на културата, спортот, детска, социјална и здравствена заштита од интерес на Општината. Дел од овие проекти, во износ од 3.098 илјади денари се вклучени во програмите од соодветните дејности, со конкретизирани носители на активности. Постапките за избор на проектите кои влегуваат во програмите се водат транспарентно и поминуваат низ повеќе инстанци. Сите предлози се примаат и обработуваат во службите во Општината, а по расправа и предлог на општинските комисии, одлука за програмите носи Советот на Општината. Програмите се објавуваат на Веб страната на Општината, а по

завршување на проектите, носителите доставуваат извештај за користењето на исплатените финансиски средства.
Врз основа на програмите Општината го изготвува буџетот и ги планира средствата за овие намени.
Поединечните предлози за проекти се доставуваат во текот на годината. Начинот и можноста за нивно аплицирање не се јавно објавени или на друг начин достапни на јавноста со цел да се даде еднаква можност на сите предлагачи на проекти. Ова ја намалува транспарентноста во планирањето на буџетските средства, што не е во согласност со буџетското начело за транспарентност (член 3 од Законот за буџетите) кое подразбира достапност и јавност во сите фази на подготвување и извршување на буџетот.

**Препорака:**
Заради обезбедување на поголема транспарентност во финансирањето на програмски проекти, Општината да обезбеди поголема јавност при аплицирање на проектите.

4.2.5. Советот на Општина Карпош има донесено Одлука за одобрување на финансиски средства во висина од 900 илјади денари за учество на Општината на манифестацијата Nexpo Сараево 2011 година. Манифестацијата е во организација на земјите од Југоисточна Европа - НАЛАС, а финансиските средства се наменети за афирмирање на досегашните постигнувања на општината и збогатување со нови знаења и контакти за понатамошна соработка.
По извршениот увид во документацијата за Nexpo Сараево, ревизијата утврди исплати во вкупен износ од 1.797 илјади денари, што претставува повеќе потрошени средства од планираните за оваа манифестација во износ од 897 илјади денари.
Повеќе потрошените средства од планираните е последица на слабости во планирање односно донесување на Одлука без да се имаат во вид целосно состојбите кои ќе влијаат на трошоците.

**Препорака**:
Градоначалникот на Општината да обезбеди спроведување на одлуките донесени од советот на Општината, а доколку утврдените финансиски средства за одредена активност не се доволни да го извести советот и да побара измена на конкретната одлука.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Извршена е проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 2000 година.
За бараките на Општината, како и за два од објектите добиени со делбениот биланс се обезбедени имотни листови. Еден од овие објекти не е евидентиран во сметководствената евиденција бидејќи проценката е извршена во 2012 година, додека за останатите се водат постапки во смисла на обезбедување документација заради поднесување барање за упис во Агенцијата за катастар на недвижности. Утврдено е дека еден од добиени објекти не постои, а еден не е недвижен објект (контејнер) и не е можно да се запише во Агенцијата за катастар на недвижности.
Еден од добиените објекти во меѓувреме е срушен и на таа локација е изградена зградата на ЗЕЛС за што Општината треба да добие една просторија. Постапката за регулирање на сопственоста е во тек.
За зградата во која привремено е сместена Општинската администрација е извршен упис на пренамена на дејноста на објектот во катастарот, меѓутоа, вредноста на зградата сеуште не е воведена во сметководствената евиденција

**Препорака:**
Да се заврши постапката за добивање имотни листи за сите објекти добиени со делбен биланс, да се изврши нивна проценка и евидентирање во сметководствената евиденција.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точките 4.2.1. и 4.3.1. а кое се однесува на неспроведениот попис во согласност со законската регулатива и незавршените постапки во врска со добиениот имот по основ на делбен биланс, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финанските извештаи.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2.1. и 4.3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Карпош на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. , активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Карпош, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојбата. Вкупниот ефект од овие корекции е зголемување на активата и пасивата во Билансот на состојбата за 4.493 илјади денари.
Направени се корекции и во износ од 3.752 илјади денари кои немаат влијание врз билансот на состојбата.

Скопје, 14.11.2012

ОПШТИНА КАРПОШ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 394.840 | 468.890 |
| **Вкупно приходи** | | **394.840** | **468.890** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 53.446 | 55.284 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 2.632 | 2.998 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 123.041 | 135.390 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 1.038 | 1.362 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 24.151 | 24.499 |
| Социјални бенифиции | 3.2.6. | 5.844 | 7.162 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **210.152** | **226.695** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 178.572 | 238.203 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **178.572** | **238.203** |
| | | | |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **6.116** | **3.992** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **394.840** | **468.890** |

ОПШТИНА КАРПОШ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 28 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 223.548 | 77.744 |
| Залихи | 4.1.3. | 133 | 413 |
| **Вкупно тековни средства** | | **223.709** | **78.157** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.913 | 4.444 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 650.307 | 438.468 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 208.869 | 103.685 |
| **Вкупно постојани средства** | | **861.089** | **546.597** |
| **Вкупна актива** | | **1.084.798** | **624.754** |
| **Вонбилансна актива** | 5 | **355.837** | **355.837** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 209.657 | 56.309 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 4.109 | 4.143 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 3 | 3 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 208.897 | 103.685 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **422.666** | **164.140** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4.1 | **9.779** | **17.289** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1 | 652.353 | 443.325 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **652.353** | **443.325** |
| **Вкупна пасива** | | **1.084.798** | **624.754** |
| **Вонбилансна пасива** | 5 | **355.837** | **355.837** |

ОПШТИНА КАРПОШ
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **442.912** | 413 | 443.325 |
| **Зголемување по основ на:** | **222.622** | **2.135** | 224.757 |
| Набавки во текот на годината на ог | 15.174 | 2135 | 17.309 |
| Сторно | 933 | | 933 |
| Ефекти од ревалоризација за 2011 | 37.045 | | 37.045 |
| Набавки во текот на годината на гр | 162.979 | | 162.979 |
| Корекција во тек на ревизија | 6.491 | | 6.491 |
| **Намалување по основ на:** | **13.314** | **2.415** | **15.729** |
| Амортизација 2011 година | 12.560 | | |
| Донација | 414 | | |
| Сторно | 340 | | |
| Давање во употреба | | 2415 | 2.415 |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **652.220** | **133** | 652.353 |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **652.220** | **133** | **652.353** |